РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 02-465/6
27.08. 20 25 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 89, став 1, алинеја 11од Законот за средно образование и Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование (Сл весник бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/6, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016,67/2017 и 64/2018), и (Сл.весник на Р.С.М бр. 229/2020 и 269/2023), а во согласност со член 177, став 1, алинеја 2 од Статутот на ОСУ„Јовче Тесличков" - Велес, Училишниот одбор при ОСУ„Јовче Тесличков" – Велес на состанокот одржан на ден 27.08.2025 година донесее:

# П Р Е Д Л О Г О Д Л У К А

за усвојување на Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2025/2026 година

1.Училишниот одбор на ОСУ„Јовче Тесличков" - Велес донесе Предлог Одлука за усвојување на Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2025/2026 година и истата ја предлага до Советот на Општина Велес на нејзино усвојување.

2.Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Училишниот одбор на ОСУ„Јовче Тесличков" - Велес на седницата одржана на 27.08.2025 година, ја разгледа Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2025/2026 година, едногласно донесе Предлог Одлука за нејзино усвојување и истата ја предлага до Советот на Општина Велес на нејзино усвојување.

Доставено до:
- архивата
- членови на УО

Претседател на УО

Антонио Пановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 01-480/1
26.08. 2025 год.
ВЕЛЕС

# Општинско средно училиште
# „Јовче Тесличков” - Велес

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

за работа на училиштето

за учебната 2025/2026 година

Велес, август 2025

**Програмата ја подготвија:**

**Педагог:**

**Билјана Коџабашиева**

**Наставници:**

**Марија Левкова Куновска**

**Соња Савевска**

**Жаклина Ивановска Зафирчева**

## СОДРЖИНА

**I Воведен дел** 5
1.1 Основни податоци за училиштето 5
1.2 Вид и податоци за училиштето 5
1.3 Најважни културни постигнувања 6
1.4 Организација на животот и работата во училиштето 7
1.4.1 Број на паралелки и ученици 8
1.4.2 Наставен, стручен и раководен кадар 10
**II Настава – видови настава** 11
2.1 Организациона структура на училиштето – Органограм 11
2.2 Организација на редовна настава 14
2.3 Организација на изборна настава 15
2.4 Расположливи ресурси на училиштето 15
2.5 Форми и начин на реализација на воннаставните активности и слободните ученички активности 16
2.6 Организација на практична настава во средното стручно образование 21
2.7 Содржини програмирани од училиштето 22
2.8 Календар на јавни и културни активности на училиштето 22
2.9 Табеларен преглед на структурата на училишниот простор, кабинети, библиотека 25
2.10 Табеларен преглед на техничка опрема на училиштето 26
2.11 Донации и спонзорства 27
2.12 Учество во проекти и степенот на реализација во текот на годината 27
2.13 Оспособеност за користење на современа техологија во наставата 28

2.14 Оспособеност за тимска работа 28
2.15 Соработка со локалната самоуправа и установи во опкружувањето 29
**III Мисија на училиштето 29**
**IV Визија на училиштето 31**
**V Развојни цели и задачи 33**
**VI План за евалуација на годишната програма за работа 53**
**VII Прилози на Годишната програма за учебната 2025/2026 година 62**

# I. ВОВЕДЕН ДЕЛ

## 1.1 Основни податоци за училиштето

Име на училиштето: **Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“**

Адреса на училиштето: **Кукушка бр. 37, Велес**

Тел: **+389 43 212 098, e-mail: usojtv@yahoo.com**

Веб-страна: **https://jovceteslickov.edu.mk/**

## 1.2 Вид и податоци за училиштето

Во општинското средно училиште „Јовче Тесличков” се изучуваат квалификации од секторот економија, право и трговија. Секогаш е отворено за нови идеи кои поттикнуваат индивидуалност и креативност, дисциплина и култура, повисоки интелектуални способности и образование кое ќе одговори на животните предизвици. Училиштето се развива и надоградува согласно потребите на стопанството и општествените активности во градот Велес и во други општини во регионот. Училиштето е со тенденција да биде отворено училиште со јасно дефинирана структура и улоги во кои ќе се дефинираат и реализираат потенцијалите на сите субјекти низ иновативност и ефективност во работењето.

Училиштето располага со високо образовен и квалитетен кадар кој настојува да создаде здрава и креативна клима во која ентузијазмот за работа и создавање на нови и оригинални идеи е на прво место затоа што во него наставата е квалитетна и ги подготвува учениците за успешно вклучување во демократското општество. Локалната и регионална средина во која функционира училиштето е контактибилна со образовните услови и можности на училиштето. Во нашето училиште главно се запишуват ученици од основните училишта на подрачјето на општина Велес, Чашка и Градско. Поради специфичноста на образовните квалификации, но и поради бесплатното и задолжително образование, кон истото гравитираат и ученици од поширокото опкружување.

ОСУ „Јовче Тесличков“ е средно стручно училиште со тригодишно и четиригодишно траење на образованието. Во училиштето се образуваат кадри од секторот **економија, право и трговија** во квалификации кои се со четири години на образование: економски техничар, бизнис администратор, правен техничар и техничар за е-трговија и дигитален маркетинг. Со тригодишно образование, се образуваат кадри во профилите продавач-референт за продажни услуги и асистент-деловен администратор.

Од 1 септември 1960 (учебна 1960/1961), а со Решение на Народниот одбор на Титовелешката околија бр.01-7269 од 14.09.1960 училиштето започнува самостојно да реализира настава како економско училиште „Јовче Тесличков“ – Титов Велес. Училиштето до денес континуирано се развива и напредува при реализирањето на воспитно – образовна дејност.

Од 1984 год. училиштето се вклопи во новата концепција за насочено образование и го смени името во Училиште за средно образование со трговска и економска струка.

Во учебната 2004 – 2005 година во ова училиште е воведена економско – правната и трговската струка и до денес нема промени во називот на струката.

Се до учебната 2005 – 2006 година училиштето ја реализираше својата дејност во склоп на училишната зграда на ОУ „Благој Кирков“. Но просторниот проблем на училиштето е надминат со тоа што беше извршено преселување на училиштето во училишната зграда на ОУ „Трајко Андреев“ врз основа на Одлуката бр.0701 – 2609/4 од 14.07.2006 година од страна на Советот на Општина Велес. Со извршената реконструкција на зградата на ОУ „Трајко Андреев“ се создадоа услови за прифаќање на сите ученици. На 01.09.2006 година училиштето ги отвори своите врати за старите и новите ученици во новата училишна зграда и започна да се изведува настава во една смена,од 7 и 15 часот до 14 часот.

Во моментов ОСУ „Јовче Тесличков“ е лоцирано во центарот на град Велес, во населбата Дворови. Во непосредна близина на училиштето се наоѓаат Основниот суд – Велес, банките, главната пошта во градот и други институции со кои училиштето има одлична соработка при реализација на практичната настава.

Од 2019/2020 учебна година се воведе реформирано стручно образование кое опфаќа задолжителни и изборни модули, преку кои учениците стекнуваат стручна квалификација од секторот економија, право и трговија. Ова образование според модуларно дизајнирани наставни програми во трета и четврта година предвидува учениците да се доусовршат преку учење кај работодавач и тоа во трета година 4 часови, а во четврта година 6 часови. Во учебната 2022/2023 година за првпат се воведе и паралелка со зголемен број часови по практично образование (дуална паралелка – во соработка со компании), во образовната квалификација економски техничар. За учениците од дуалните паралелки предвидено е зголемен број часови по практично образование, односно учење преку работа кај работодавач, и тоа: 4 часа во втора, 8 часа во трета и 10 часа во четврта година.

Во учебната 2025/2026 година во ОСУ „Јовче Тесличков“ ќе продолжат да се образуваат кадри од секторот економија, право и трговија, по современи наставни програми во следните профили:

- Економски техничар
- Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг
- Правен техничар
- Бизнис администратор
- Продавач - референт за продажни услуги (тригодишно образование)
- Асистент-деловен администратор (тригодишно образование.

## 1.3 Најважни културни постигнувања

Во својата шеесет и петгодишна традиција на раст и развој, училиштето бележи низа значајни културни постигнувања. Од нив се издвојуваат:

- ✓ Во историјата на училиштето, три пати за најдобар просветен работник е прогласено лице од редовите на нашето училиште: Маја Талеска Панова – наставник по стручни економски предмети (2013/2014), Јагода Трајчова – наставник по англиски јазик и Методија Бузалковски – наставник по географија (2021/2022).

- ✓ За успешна работа и постигнати резултати, училиштето е добитник на 9 Ноемвриската награда.
- ✓ По повод чествувањето на патрониот празник – 24 Октомври, училиштето реализира богата програма исполнета со културно-уметнички содржини.
- ✓ Училиштето активно учествува во повеќе јавни манифестации, меѓу кои: хуманитарни акции проследени со културно-уметничка програма, финални ученички работилници во организација на Црвениот крст на Р.С.Македонија, манифестации организирани од невладиниот сектор и од локалната самоуправа.
- ✓ Редовно учествува и на државни натпревари во организација на МАССУМ (Младинска асоцијација на средни стручни училишта на Македонија), од кои учениците секогаш се враќаат со освоени награди и признанија.

## 1.4 Организација на животот и работата во училиштето

Во просториите на училиштето задолжително се спроведе дезинфекција, дезинсекција и дератизација пред почетокот на учебната 2025/2026 година, а иста е предвидена и за време на зимскиот распуст. Крајниот резултат се комплетно исчистени, дезинфекцирани и дератизирани училници и работни простории.

Во прва година во редовна настава се примени вкупно 78 ученици распределени во четири паралелки согласно профилите во училиштето, според конкурсот за упис на ученици во прва година во средните училишта во РСМ во учебната 2025/2026 година. Организацијата и планирањето на животот и работата во училиштето се од особена важност за колективот во училиштето. Сите вработени имаат јасна мисија и визија. Тимското работење, поддршката и соработката се составен дел од животот и работата во училиштето.

Согласно насоките од МОН во Годишната програма од учебната 2025/2026 година предвидени се и следниве активности:

- Поставување на линкови до наставни материјали и електронски содржини што ќе се користат во наставата;
- Предлагање на иновации во наставните програми за средно образование;
- Предлагање теми за обуки за професионален развој на наставниците во училиштето;
- Планирање и реализирање на „Нагледни часови";
- Консултации за подобрување на планирањето во наставата и педагошката евиденција;
- Организирање на едукативни предавања;
- Одржување работилници за ментално здравје од страна на педагошко – психолошката служба
- Дисеминација на посетени семинари и обуки.

## 1.4.1 Број на паралелки и ученици

| Година | Паралелки | Профил / квалификација | Година | Паралелки | Профил / квалификација |
|---|---|---|---|---|---|
| I | 1 | Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг | II | 1 | Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг |
| I | 1 | Економски техничар / Бизнис администратор (со зголемен број часови по практично образование – дуална паралелка во соработка со компании) | II | 1 | Економски техничар / Бизнис администратор (со зголемен број часови по практично образование – дуална паралелка) |
| I | 1 | Економски техничар (албански наставен јазик) | II | 1 | Економски техничар (албански наставен јазик ) |
| I | 1 | Асистент-деловен администратор/ Продавач–референт за продажни услуги | II | 1 | Продавач–референт за продажни услуги / Асистент-деловен администратор (дуална паралелка) |

| Година | Паралелки | Профил / квалификација | Година | Паралелки | Профил / квалификација |
|---|---|---|---|---|---|
| III | 1 | Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг | IV | 1 | Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг / Бизнис администратор |
| III | 1 | Економски техничар / Правен техничар (со зголемен број часови по практично образование – дуална паралелка) | IV | 1 | Економски техничар (со зголемен број часови по практично образование – дуална паралелка) |
| III | 1 | Економски техничар (албански наставен јазик) | | | |
| III | 1 | Продавач-референт за продажни услуги | | | |

ОСУ „Јовче Тесличков" - Велес во учебната 2025/2026 година ќе работи со 14 паралелки:

- единаесет паралелки со четиригодишно образование (осум на македонски јазик и три на албански наставен јазик);
- три паралелки со тригодишно образование (на македонски јазик).

Учениците ќе се образуваат во вкупно шест профили. Бројната состојба на учениците по паралелки е дадена во табелите кои следат:

| Паралелка | Ученици | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| I – а | 23 | 16 | 7 |
| I – б | 16 | 8 | 8 |
| I – в | 5 | 4 | 1 |
| I – г | 34 | 27 | 7 |
| Вкупно | 78 | 55 | 23 |

| Паралелка | Ученици | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| II – а | 20 | 7 | 13 |
| II – б | 13 | 5 | 8 |
| II – в | 7 | 7 | / |
| II – г | 19 | 18 | 1 |
| Вкупно | 59 | 37 | 22 |

| Паралелка | Ученици | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| III – а | 20 | 16 | 4 |
| III – б | 7 | 1 | 6 |
| III – в | 17 | 15 | 2 |
| III – г | 11 | 9 | 2 |
| Вкупно | 55 | 41 | 14 |

| Паралелка | Ученици | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| IV – а | 30 | 15 | 15 |
| IV – б | 17 | 8 | 9 |
| Вкупно | 47 | 23 | 24 |

### 1.4.2 Наставен, стручен и раководен кадар

Согласно Законот за средно образование, Законот за средно стручно образование, Статутот на училиштето и систематизацијата за работни места, за релизирање на целите и задачите од воспитно – образовниот процес и за остварување на севкупната дејност во училиштето, во текот на учебната 2025/2026 година ќе бидат ангажирани следните структури:

**Наставен и стручен кадар**

| Профил | Степенот на стручна оспособеност | | | |
|---|---|---|---|---|
| | д-р | м-р | VII-1 | VI |
| Наставници | / | 5 | 29 | / |
| Педагог | / | / | 1 | / |
| Психолог | / | / | 1 | / |
| Советник за општи и нормативно-правни работи (секретар) | / | / | 1 | / |
| **Вкупно** | / | 5 | 32 | / |

**Раководен кадар**

| Функција | Завршено образование | | |
|---|---|---|---|
| | д-р | м-р | VII-1 |
| Директор | / | 1 | / |

**Технички персонал**

| Работна позиција | Ноќен чувар | Хаус мајстор | Хигеничар |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 1 | 1 | 3 |

## II. НАСТАВА – ВИДОВИ НАСТАВА

### 2.1 Организациона структура на училиштето – Органограм

Организационо - стручната поставеност на училиштето се манифестира преку работата на стручните органи во училиштето и тоа: Училишен одбор, Совет на родители, Наставнички совет, Совет на година, Совет на паралелка, Стручни активи.

**Училишен одбор (12 членови)**

| Име и презиме | Претставник од | Со мандат до |
|---|---|---|
| Антонио Пановски | Наставници – претседател | Јули, 2026 |
| Горан Цветановски | Наставници | Мај, 2029 |
| Рената Софијанова Николова | Наставници | Јули, 2026 |
| Љупчо Петров | Наставници | Јули, 2026 |
| Иванка Славковска | Основач | Август, 2026 |
| Емилија Несторова | Основач | Август, 2026 |
| Добивоје Пауновски | Основач | Август, 2026 |
| Мирјана Петрова | Родители | Август, 2026 |
| Тајна Димовска | Родители | Август, 2027 |
| Лиле Илиевска | Родители | Август,2027 |
| Стефани Мишевска | МОН | Март, 2029 |
| Томислав Колевски | Деловна заедница | Април, 2026 |
| | | |

**Совет на родители (14 членови)**

| Име и презиме | Паралелка | Со мандат до |
|---|---|---|
| | 1-а | 2029 |
| | 1-б | 2029 |
| | 1-в | 2029 |
| | 1-г | 2028 |
| Миле Кочевски | 2-а | 2028 |
| Светлана Петкова | 2-б | 2028 |
| Ридван Латифов | 2-в | 2028 |
| Санела Селмани | 2-г | 2028 |
| Лиле Илиевска | 3-а | 2027 |
| Тајна Димовска | 3-б | 2027 |
| Мустафа Мустафов | 3-в | 2027 |
| Слаѓан Циев | 3-г | 2026 |
| Мирјана Петрова | 4-а | 2026 |

Советот на родители, на првиот состанок во септември треба да избере четворица нови претставници од родителите на ученици од прва година.

## Наставнички совет

Работата на Наставничкиот совет во училиштето е определена од Законот за средно образование, Статутот на училиштето и другите законски регулативи и правилници. Наставничкиот совет е составен од Директорот кој е претседател на истиот, стручните соработници и сите наставници. На седниците на Наставничкиот совет се утврдува успехот и редовноста на учениците по тромесечија, се разговара за идни активности, почеток на проекти, анализа на воспитно-образовниот процес, анализа на постигнувањата, анализа и согледувања за реализација на Годишната програма за работа на училиштето, како и други работи утврдени со Законот за средното образование, Законот за средно стручно образование и Статутот на училиштето. За време на работата на Наставничкиот совет се води записник и истиот се заверува со деловоден број.

## Совет на година

Советот на годината е стручен орган во училиштето којшто го сочинуваат наставниците од годината во која што изведуваат настава и стручните соработници. Основна функција на советот на годината е координирање на работата на наставата во годината за која е конституиран, односно изготвување анализи, програми со цел да се подобри успехот и редовноста кај учениците, давање предлози, укажување на недостатоците во наставата, утврдување на оценките на учениците по класификациони периоди и други работи од тој домен. Во училиштето постојат 4 совети на годината: Совет на I година, Совет на II година, Совет на III година и Совет на IV година.

## Совет на паралелка

Советот на паралелката го сочинуваат сите наставници кои предаваат во дадена паралелка и стручните соработници. На Советот на паралелката се реализираат следните активности:

**Следење на планирањето и реализирањето на наставата**: задолжителна, дополнителна, додатна, изборна, практична, феријална практика, Учење преку работа кај работодавач, Содржини програмирани од училиштето.

Следење, анализирање и вреднување на постигањата на учениците

**Следење на постигањата во воспитно-образовната работа**

- ✓ Следење на редовноста на учениците;
- ✓ Анализа на воспоставените и користените методи, постапки и техники за проверување на постигањата на учениците, Предлози за изрекување на педагошки мерки на учениците;
- ✓ Планирање, реализирање и анализа на работата со учениците;
- ✓ Откривање на учениците на кои им треба посебна педагошка помош;
- ✓ Осознавање за социо-емоционалниот развој на учениците;
- ✓ Анализа на работна дисциплина и поволна социјална клима во паралелката;
- ✓ Анализа на воспоставените односи на доверба и соработка меѓу наставникот и учениците и меѓу самите ученици,откривање и разрешување на конфликти во паралелката;
- ✓ Организирање на потребната педагошко- психолошка помош;
- ✓ Соработка со родителите; Планирање и реализирање на родителски средби;
- ✓ Советување на родителите од страна на педагошко-психолошката служба;
- ✓ Планирање, реализација и анализа на информираноста на родителите за развојот и напредокот на учениците, како усно така и преку Е дневникот;
- ✓ Анализа на воспоставената комуникација со родителите на учениците.

## Стручни активи

Стручниот актив е стручен орган во училиштето што го сочинуваат наставниците што предаваат ист предмет или сродна група на предмети. Основна цел на активот е да води грижа за унапредување на воспитно-образовниот процес по предметите или подрачјата за кои постои, да разменува мислења, да дава предлози и укажувања, да бара начини за надминување на проблемите во наставата. Стручните активи ги вршат следниве задачи:

1. Утврдување критериуми и стандарди за работа
2. Усогласување на наставните планови
3. Размена на сугестии за реализација на наставните програми
4. Донесување предлози за форми и методи на наставна работа
5. Избира учебници по кои ќе се реализира наставната програма
6. Имплементација на одлуките донесени од Наставничкиот совет и Директорот на Училиштето. Со стручниот актив раководи претседателот на активот, наставник, избран од активот кој се избира на почетокот на учебната година.

## 2.2 Организација на редовна настава

Согласно Календарот за организација на воспитно-образовната работа во јавните средни училишта (објавен во периодот кога се подготвува програмата), учебната 2025/2026 учебната година започнува на 1 септември 2025 а завршува на 31 август 2026 година. Наставната година започнува на 1 септември 2025 година, а завршува на 10 јуни 2026 година, освен за учениците од завршните години за кои редовната настава завршува на 15 мај 2026 година.

Наставната година ја сочинуваат две полугодија:

- I полугодие (1 септември 2025 до 30 декември 2025 година) и
- II полугодие (20 јануари 2026 до 10 јуни 2026 година).

Во текот на учебната година учениците ќе користат зимски и летен одмор.

- зимскиот одмор започнува на 31 декември 2025 година, а завршува на 19 јануари 2026 година,
- летниот одмор започнува на 11 јуни 2025 година, а завршува на 31 август 2025 година.

Наставата во учебната 2025/2026 година ќе се одвива според предвидените наставни планови и програми од секторот економија право и трговија. Согласно методско – дидактичките барања за реализација на наставните планови и програми по секој наставен предмет, предметните наставници ќе изработат глобални годишни планирања кои ќе се предадат на увид кај педагогот и директорот до 31.08.2025 година. Во текот на наставната година согласно со годишниот план ќе се изготвуваат и планирања на модуларни единици/тематски планирања и истите ќе бидат доставени на увид кај директорот на училиштето една недела пред почетокот на тематската целина преку испраќање на посебна е-маил адреса jt.plan@yahoo.com со цел заштеда на канцелариски материјал и електрична енергија. Наставниците секојдневно се обврзани да изготвуваат и дневни оперативни планови за работа час прилагодени според можностите и капацитетите на учениците. Основна задача на сите предметни наставници ќе биде наставните часови да ги реализираат со примена на современи дидактичко – методски форми за работа и користењето на информатичката технологија.

Реализацијата на часовите ќе вклучува употреба на надгледни средства и помагала за поефективно остварување на целите на часот и наставната материја. Согласно можностите на училиштето ќе се обезбедат и нови средства и помагала. Соработката на наставниците ќе продолжи и оваа година преку размена на идеи и искуства при реализација на наставниот час. Секој наставник во училиштето ќе практикува и отворени часови за посета.

Редовната настава ќе се одвива во кабинети кои се современо опремени. Училиштето располага и со сопствена сала за спорт и спортски активности, а наставата ќе се одвива во спортската сала, спортски терени во деновите кога има соодветни временски услови и во училница. Организирањето на редовната наставата и вонннаставните активности ќе ги координираат директор – стручен соработник – наставник – ученик – родители.

Практичната настава за учениците е вклучена во рамките на редовната настава за профилот продавач-референт за продажни услуги и асистент деловен администратор. Стекнувањето на практични знаења и искуства е значајна одлика на секое современо образование. Согласно со потребите на пазарот на трудот, ОСУ „Јовче Тесличков“ вложува сериозни напори во делот на практичната

настава односно по предметот учење преку работа кај работодавач, што допринесува голем број на ученици да стекнат практични вештини и знаења. Дополнително, се планирани посети на трговски друштва кои вршат производна или трговска дејност, Органи на управата и локалната самоуправа, Централен регистар, Агенција за катастар и недвижности, Пошта, банки, Основен Суд, Нотарски и адвокатски канцеларии и останати институции. За учениците се организираат средби со претставници – стручни лица од практиката со цел учениците да се стекнат со практични знаења и вештини.

Феријалната пракса, исто така дел од практичната настава, се изведува во летниот период, за постоечките профили на учениците од прва година, втора година, трета година во четиригодишното образование и за учениците од профилот продавач-референт за продажни услуги/ асистент деловен администратор во тригодишното образование.

## 2.3 Организација на изборна настава

Во склоп на изборната настава во училиштето, покрај предметите од редовната настава, во трета и четврта година учениците изучуваат изборни предмети. Секој ученик на крајот од втора година избира по еден изборен модул кој содржи два изборни предмети при што едниот го изучуваат во трета година, а другиот предмет во четврта година. Согласно интересите и афинитетите учениците со помош на анкетен лист избираат кој изборен модул ќе го изучуваат. Изборните предмети се со вкупен фонд од 66 часа за учениците од четврта година односно 72 часа за учениците од трета година или 2 часа неделно и се реализираат во склоп на редовниот распоред на часови.

## 2.4 Расположливи ресурси на училиштето

Училиштето располага со ресурси кои ги обезбедуваат основните предуслови за квалитетно изведување на наставниот процес. Просторните капацитети и физичките услови за работа и учење се усогласени со можностите на институцијата, при што раководниот кадар континуирано вложува напори за нивно унапредување и оптимизација. Во поглед на **човечките ресурси**, наставата во училиштето ја реализираат и помагаат вкупно 39 вработени и тоа 1 директор, 1 психолог, 1 педагог, 30 наставници (на неопределено и определено работно време), 1 советник (секретар), 1 хаус мајстор, 3 одржувачи на хигена и 1 ноќен чувар. Во училиштето оваа година ќе се образуваат 239 ученици од прва до четврта година распоредени во 14 паралелки (за 4 ученици се чека согласност за прием во прва година). Дополнително, настава ќе реализира и наставен кадар од други училишта поради дополнување на фондот на часови, како и вработени од училиштето кои што ќе реализираат настава во други училишта.

Во однос на просторните капацитети, ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес го реализира воспитно-образовниот процес во училишна зграда од цврста градба, изградена во 1963 година. Објектот располага со 25 наставни кабинети, целосно опремени и наменети за работа по сите наставни предмети. Во рамки на подобрување на условите за работа, два од кабинетите се дополнително опремени преку донација од компанијата „Маркарт“. Обезбедени се: 6 магнетни табли, 5 работни маси, 20 компјутерски куќишта, 20 тастатури и 20 мауси. Оваа опрема е наменета за практична работа на учениците вклучени во трите училишни маркетинг-агенции, со цел да создаваат и дизајнираат дигитални промотивни материјали за афирмација и презентација на училиштето.

За потребите на наставата по физичко образование и спорт, на располагање е комплетно реновирана спортска сала, како и надворешни спортски терени лоцирани во непосредна близина на училиштето. Реконструкцијата е финансирана од страна на

Општина Велес. Целокупната опрема со која располага училиштето е ставена во функција на квалитетна реализација на воспитно-образовниот процес. Училиштето континуирано се стреми кон модернизација на наставата, преку збогатување на наставните содржини со нагледни средства и современи наставни помагала.

Во состав на училиштето функционира **училишна библиотека**, опремена со богат и разновиден книжевен фонд кој опфаќа литература од општообразовните и стручните предмети. На располагање на учениците е и специјализирана стручна економска библиотека, која се користи за подготовка на проектни активности и продлабочување на стручните знаења. Во идниот период, училиштето има за цел дополнително да ја обнови и прошири библиотечната понуда со стручна литература, со што ќе се придонесе за одржување на поефикасни и квалитетни часови. Училишната зграда располага со два влеза, при што задниот влез е опремен со пристапна рампа, обезбедувајќи соодветни услови за лица со посебни потреби. Во склоп на училиштето постојат преден и заден двор, кои се на располагање на учениците за време на одморите. Дворните површини се уредени хортикултурно, согласно можностите и ресурсите на училиштето.

## 2.5 Форми и начин на реализација на воннаставните активности и слободните ученички активности

Стекнатите знаења и нивниот квалитет зависи од повеќе фактори. Учениците покрај редовната настава реализираат и воннаставни активности и слободните ученички активности. Целта и функцијата на слободните часови на училиштето е да им се излезе во пресрет на учениците кои сакаат да истражуваат и напредуваат во одредени подрачја, области и теми во функција на: проширување и продлабочување на своите знаења, умеења и вештини од соодветна област, задоволување на иднивидуални образовни и останати потреби, соработка со локалната средина, соработка со социјални партнери од соодветна дејност, стекнување на менаџерски и водечки вештини во функција на подобрување на стручните компетенции. Воннаставните и слободните ученички активности имаат за цел да ги спојат теоријата и практиката, односно ученикот да ја увиди примената од стекнатите знаења и кон истите да е критички расположен.

Во учебната 2025/2026 година ќе се организираат следните воннаставни активности:

- Слободни ученички активности
- Проектни активности
- Грижа за здравјето на учениците
- Ученички натпревари
- Работа со надарени и талентирани ученици
- Зголемена соработка со родителите
- Ученички екскурзии
- Соработка со локалната средина

Во училиштето ќе се организира и **додатна настава** за учениците кои ќе покажат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици). Истата ќе се обезбеди проширување и продлабочување на знаењата по соодветен предмет.

Учениците ќе имаат можност своите знаења, умеења, вештини и потенцијали ќе можат да ги надградуваат преку слободните ученички активности кои се планираат и реализираат во нашето училиште. Додатната настава ќе ги подготвува учениците кои ќе учествуваат на натпревари по соодветните предмети. Секој предметен наставник ќе изработи сопствена програма за додатна настава и ќе ја достави на увид кај директорот на училиштето.

**Работа со надарени и талентирани ученици и организација на ученички екскурзии**

Работата со надарени и талентирани ученици ќе се реализира во рамките на додатната настава и ќе биде насочена кон поттикнување и развој на нивните индивидуални способности преку следниве форми:

- **Слободни ученички научно-истражувачки и културно-уметнички активности**, со индивидуализиран пристап, каде надарените ученици ќе бидат вклучени во посложени и креативни задачи;
- **Консултативна настава**, наменета за ученици кои сакаат унапредување и побрз напредок преку полагање испити и завршување на учебната година предвреме;
- **Активно учество во меѓуучилишни форми на работа** со надарени ученици (летни и зимски школи, натпревари, семинари, трибини, конкурси и слично).

Сите наставници ќе бидат достапни за консултативна настава и за вонредните ученици, при што ќе обезбедуваат стручна поддршка и насоки за полесно совладување на наставните содржини и ефикасно постигнување на образовните цели.

Во учебната 2025/2026 година, училиштето ќе организира ученички екскурзии со цел унапредување на знаењата преку непосредно запознавање со природни, општествени и културни појави и процеси, како и практично поврзување со наставните содржини. Екскурзиите ќе имаат научен и воспитно-образовен карактер и ќе се организираат согласно следната динамика:

- Еднодневна екскурзија за учениците од прва година;
- Дводневна екскурзија за учениците од втора година;
- Повеќедневна екскурзија за учениците од трета година.

Секоја екскурзија ќе биде проследена со детално изготвена програма, со прецизно дефинирани цели, активности и начини на реализација. Реализацијата ќе се врши преку Советот на родители, а согласно Правилникот за изведување на ученички ексурзии и доколку учениците изразат интерес. Во насока на стручното едуцирање на учениците, планирани се и посети на саеми, берзи, стопански субјекти и институции. Екскурзиите и стручните посети ќе бидат организирани во соработка со стручните активи, со однапред утврдени рокови и одговорни наставници-носители на активностите.

Едукација од областа на културата ќе се остварува преку планирани посети на културни и научни институции, презентации, промоции, манифестации по различни поводи во текот на целата учебна година за сите државни и училишни празници.

**Заштита и унапредување на здравјето на учениците и култура на здраво живеење**

Усвојувањето на глобалниот концепт за здравје подразбира целосно разбирање и негување на здрави животни навики кои ги опфаќаат и физичкото и психичкото здравје. Градењето на култура на здраво живеење се заснова на формирање позитивни ставови и активно личносно вклучување во развојот на здрав животен стил, со целосна свесност за сопствените потреби, навики, културни особености и реални можности. Во таа насока, училиштето ќе продолжи да реализира активности насочени кон заштита и унапредување на здравјето на учениците преку следните мерки:

- Спроведување на општи систематски прегледи за учениците од прва и четврта година;
- Организирање на стоматолошки систематски прегледи за учениците од прва и четврта година;
- Обезбедување на редовна вакцинација;
- Вклучување на учениците во спортски активности како дел од активниот и здрав начин на живот;
- Грижа за хигиенските, естетските и културните услови за работа и престој во училиштето;
- Континуирано информирање на учениците за ризици поврзани со климатски услови (топол и студен бран), актуелни вирусни и бактериски инфекции, сезонски грип и слично.

Организирање на едукативни предавања и трибини за:

- ✓ Болестите на зависност и борба против наркоманијата;
- ✓ СИДА, туберкулоза, хепатит и други заразни заболувања;
- ✓ Физички и психички промени во периодот на адолесценција;
- ✓ Полово и репродуктивно здравје, несакана бременост и средства за контрацепција;
- ✓ Последиците од пушењето, ризици од полово преносливи инфекции и здравствено поведение;

Едукација за:

- ✓ Решавање на конфликти, градење вредносен систем, почитување, солидарност, толеранција и рамноправност меѓу половите;
- ✓ Влијание на социјалните мрежи и модели на идентификација кај младите;
- ✓ Полов и родов идентитет, асоцијално однесување, безбедност во училиштата и превенција од насилство („Стоп за насилство“).

Дополнително, училиштето ќе продолжи со:

- Одржување и унапредување на хигиенските услови во сите училишни простории (училници, ходници, двор, санитарии);
- Опремување на техничкиот персонал со соодветни средства и материјали за непречено и ефикасно извршување на работните задачи, со цел подобрување на условите за работа и престој во училиштето.

За воннаставната активност од **Општествено – културна дејност** предвидени се следните форми на работа:

- Организирање на литературни читања, работилници за развивање на ораторски вештини, користење на библиотечни ресурси, посета на изложби, свечено доделување дипломи на матурантите, организирање спортски манифестации, посета на лизгалиште и слични активности;
- Активности во заедницата – одбележување и прославување значајни датуми од поновата и постарата историја, прибирање, архивирање и заштита на етнографско богатство (предмети од домашна изработка, документи, легенди и обичаи), формирање на локална фототека за документирање значајни настани, локации и личности, како и прибирање материјали поврзани со историјата и развојот на училиштето.

Планираните активности ќе се реализираат во соработка со Црвениот крст на општина Велес, Ликовниот салон, Народниот музеј, Народниот театар, Општина Велес, Локалната библиотека, како и со стопански субјекти и други институции од локален карактер, со цел унапредување на воспитно-образовниот процес и практичната настава.

**Соработката со родителите** е значајна активност на секој наставник од училиштето. Ова подрачје опфаќа запознавање на родителите со целите и задачите на средното образование, со годишната програма за работата на училиштето, извештај од реализираните задачи и постигнатите резултати, услови за работа, визија и мисија за понатамошниот развој на училиштето, барање разновидна помош од родителите (мислења, сугестии, вклучување во разновидни активности, соодветни на нивната професија, афинитет и влијание). Соработката со родителите ќе се реализира преку следните форми и активности:

- Индивидуални консултации со класниот раководител (посета на родителите во училиштето, телефонски разговори, посета на наставникот на родителски дом);
- Родителски состаноци;
- Индивидуални состаноци со стручниот соработник во училиштето;
- Реализација на Програмата за советување на родители,
- Вклучување на родителите во сите структурни подрачја од внатрешната организација на воспитно – образовната дејност;
- Општо педагошко – психолошко образование и усовршување на родителите со организирање на предавања и трибини;
- Зголемена активност на родителите во советот на родители;
- Учество на родителите во Училишниот одбор.

Наставниот кадар, директорот и стручниот соработник ќе продолжат да соработуваат со родителите со заеднички интерес да им се овозможи на учениците полесно да ги остварат своите образовни и воспитни цели.

**Слободните ученички активности** претставуваат значаен сегмент од воспитно-образовниот процес и имаат за цел да овозможат проширување на знаењата, вештините и ставовите на учениците преку нивна активна и самостојна вклученост во различни области. Во таа насока, предвидени се следните видови активности:

**1. Активности со научно–истражувачки карактер**
Целта на овие активности е продлабочување на знаењата и развој на истражувачки умеења кај учениците, како и формирање на свест за научната етика во рамки на одредена научна област. Овие активности се реализираат преку самостојна истражувачка работа на учениците.
Во рамките на овие активности, ќе продолжи да функционира и **Маркетинг агенцијата при училиштето**, која има важна улога во планирањето и спроведувањето на промотивните активности на институцијата. Агенцијата ќе биде ангажирана во навремено дефинирање на активности, претставување на достигнувањата на училиштето и воведување на иновативни и атрактивни пристапи во јавната промоција, следејќи ги современите трендови од областа на маркетингот. Одговорни наставници за реализација на овие активности се членовите на активот по економски предмети и активот на природно-математичката група на предмети.

**2. Културно-уметнички активности**
Преку овие активности, учениците ќе ги проширувaат и продлабочуваат своите сознанија за културните и уметничките вредности, ќе се оспособуваат за разбирање и критичко вреднување на културните настани и уметничките творби, како и за самостојно и групно творење. Активностите ќе придонесат за развој на културни навики, креативност и способност за истражувачка работа во доменот на културата. Овие активности ќе ги реализираат наставниците од активот на општествено-јазичната група на предмети.

**3. Спортски и спортско-рекреативни активности**
Спортските активности ќе овозможат континуитет во развојот на спортскиот дух и физичката култура кај учениците. Особено внимание ќе се посвети на учениците со изразен талент и интерес за одредени спортови, со цел нивно понатамошно усовршување и промоција на здрав начин на живот. Овие активности ќеги спроведува наставникот по спорт и спортски активности, а ќе се реализираат преку:

- класни и меѓукласни натпревари,
- спортски секции,
- излети и други рекреативни активности.

**Соработката со заедницата** ќе продолжи да се негува и унапредува, со активно учество во одбележување на значајни историски, републички, општински и други настани, со што училиштето ќе придонесе кон развој на свеста за заеднички вредности и граѓанска одговорност.

## 2.6 Организација на практична настава во средното стручно образование

**Практичното образование претставува суштинска компонента на стручното образование**, преку која учениците имаат можност да го трансформираат стекнатото теоретско знаење во конкретни практични вештини. Ваквиот пристап не само што овозможува развој на компетенции за самостојна работа, туку и значително ја зголемува нивната подготвеност и конкурентност на пазарот на трудот.

Во рамките на редовната настава, практичната обука се реализира како наставен предмет преку практични вежби во специјализирани кабинети, каде се користат нагледни наставни средства, современа опрема и интернет пристап. Оваа настава е интегрирана во образовните профили **продавач-референт за продажни услуги и асистент деловен администратор**. Дополнително, учениците изработуваат и индивидуални домашни задачи кои ја надополнуваат нивната практична подготовка.

**Феријалната практика**, која претставува надополнување на редовната практична настава, се реализира за време на летниот распуст во траење од 10 до 20 работни дена. Таа е задолжителна за сите ученици, независно од нивниот образовен профил, со исклучок на учениците од завршните години.

Особено значаен сегмент е **учењето преку работа кај работодавач**, кое претставува задолжителен облик на практично образование во рамки на модуларниот наставен процес. Овој вид на учење овозможува директна вклученост на учениците во работниот процес во реални деловни и институционални средини. Во трета година учениците реализираат 4 часа неделно, а во четврта година 6 часа неделно. Почнувајќи од учебната 2022/2023 година, имплементирана е паралелка со проширена програма за практично образование, според која учениците започнуваат со учење преку работа уште од втора година со 4 часа неделно, продолжувајќи во трета година со 8, и во четврта година со 10 часа практична обука. Уште од првата година, одредени стручни предмети ја вклучуваат практичната компонента преку вежби, што овозможува непосредна интеграција на теоретските знаења со практичната примена, создавајќи темел за квалитетна стручна едукација. Особено значајно е да се истакне дека, со почетокот на учебната 2025/2026 година, во училиштето се воспоставува работно место Координатор за практично образование. Воведувањето на оваа позиција произлегува од потребата за поефикасно планирање, организирање и следење на практичното образование, како суштинска компонента на стручните образовни квалификации. Координаторот ќе има задача да обезбеди усогласување помеѓу наставните програми и практичните активности, да воспоставува и развива партнерства со компании и институции, како и да обезбеди систематска поддршка на учениците и наставниот кадар во процесот на практичната обука. На овој начин се создаваат услови за повисок квалитет на стручната подготовка на учениците, нивна поголема конкурентност на пазарот на труд и поуспешна интеграција во работната средина по завршувањето на средното образование.

## 2.7 Содржини програмирани од училиштето (СПУ)

Во учебната 2025/2026 во рамките на содржините програмирани од училиштето ќе се реализираат следните програми:

- Прва година: Светско наследство во рацете на младите
- Втора година: Планирање на кариера, Зелена економија
- Трета година: Ученичка компанија – Претприемачка практика за млади
- Четврта година: Училишна маркетинг агенција

Во текот на сите четири години од средното образование, учениците ја следат наставата според модуларно дизајнирани наставни програми, во рамки на реформата во стручното образование. Овие програми вклучуваат задолжителни и изборни модули, преку кои учениците стекнуваат стручна квалификација од секторот **Економија, право и трговија**. Модуларниот пристап овозможува флексибилност во учењето, индивидуализација на образовниот процес и насоченост кон практични компетенции. Дополнително, со реализацијата на наставата по ваков концепт, учениците добиваат можност да стекнат образовни кредити, кои можат да се признаат и да овозможат трансфер при продолжување на образованието, особено во странски образовни институции.

## 2.8 Календар на јавни и културни активности на училиштето

Со овој календар се дефинира организирањето и реализацијата на јавните и културните активности на ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес за учебната 2025/2026 година. Целта на општествено-културната дејност е:

- Да го афирмира училиштето како значаен културен и просветен центар во заедницата;
- Да им овозможи на учениците целосен личен развој преку учество во различни форми на креативно, културно и општествено делување.

Во текот на учебната година ќе се реализираат различни активности, манифестации и прослави преку кои учениците ќе се запознаваат со културното наследство, традициите и современите текови на општествениот живот.

**Планирани активности:**

- Организирање на свечен настан по повод 65 години од основањето на училиштето и започнување со работа како самостојна образовна институција;
- Посети на театарски претстави, изложби, саеми и други културни настани;
- Излети и екскурзии од едукативен, стручен и рекреативен карактер;
- Учество во ученички слободни активности, како и производна и општествено корисна работа.

**Патронен празник – 24 Октомври**

Патрониот празник на училиштето – 24 Октомври, се одбележува како најзначаен културен и воспитен настан. Во таа недела ќе бидат реализирани следните активности:

- Литературен конкурс за најдобри творби на македонски јазик;
- Литературен конкурс за најдобри творби на странски јазик;
- Активности во организација на Активот на економисти;
- Активности организирани од Активот на јазици и општествени предмети;
- Работилници под водство на педагошко-психолошката служба;
- Културно-уметничка програма изведена од учениците;
- Крводарителска акција;
- Спортски натпревари.

**Други активности предвидени во текот на учебната година:**

- Избор на Ученички правобранител
- Посета на институции од стручен интерес во Скопје и Велес;
- Посета на Народната банка на Република Македонија;
- Посета на театар и кино во Скопје и Велес;
- Посета на Природно-научниот музеј и Планетариумот во Скопје;
- Организирање на ученичка забава (во согласност со интересот на учениците);
- Свечена матурска вечер за учениците од завршните години;
- Хуманитарни активности;
- Спортски натпревари и воннаставни активности од различен карактер.

Во месец мај се планира организација на матурската вечер за учениците од завршните години. По објавувањето на конечните резултати од државната матура, ќе се организира и свечено доделување на дипломите за завршено средно образование.

Организирањето и реализацијата на **Отворениот ден** претставува една од најзначајните активности на ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес, со која училиштето се позиционира како современа и отворена образовна институција, насочена кон транспарентност, вклученост и активно поврзување со заедницата. Отворениот ден има за цел целосна презентација на воспитно-образовната работа на училиштето, со посебен акцент на стручните насоки и образовните профили кои ќе бидат понудени за упис на учениците од завршните одделенија во основното образование. Преку креативна и визуелно атрактивна презентација, на заинтересираните ученици и родители ќе им биде овозможено поблиску да се запознаат со наставните програми, практичната настава, училишните маркетинг-агенции, проектните активности, како и со опременоста и условите за работа.

Настанот претставува можност за афирмација на училиштето и неговата образовна мисија, но и форум за дијалог со потенцијалните ученици и нивните родители. На Отворениот ден ќе бидат поканети:

- Учениците од деветто одделение од основните училишта во Велес и пошироко;
- Нивните класни и предметни наставници;
- Родителите и старателите;
- Соработници на училиштето од различни институции;
- Претставници од бизнис-секторот и локалната самоуправа;
- Претставници од граѓанскиот сектор и пошироката јавност.

Преку овој настан, училиштето го зајакнува партнерскиот однос со локалната заедница, ја гради довербата со идните ученици и нивните семејства, и придонесува кон градење на позитивен имиџ и препознатливост во општествено-образовниот амбиент. По повод 14 Февруари – Денот на вљубените, наставниците по странски јазици повторно ќе организираат пригодна манифестација со цел одбележување на празникот преку културно-уметнички израз и уметничка креативност на учениците. Во рамките на оваа активност, ќе биде распишан литературен конкурс на македонски и странски јазици, наменет за учениците од основните училишта од општина Велес и околните населени места. Конкурсот ќе има за цел да ги поттикне младите на креативно пишување, уметнички израз и промоција на љубовта, пријателството и толеранцијата како универзални вредности. За најуспешните творби се предвидени симболични награди и дипломи, кои ќе бидат доделени во рамки на свечената програма организирана по повод настанот.

Вработените и учениците од ОСУ,,Јовче Тесличков" активно ќе се вклучат и во одбележувањето на значајни настани, манифестации, јубилеи и празници од значење за општина Велес и за РСМ:

- 8 Септември – Ден на осамостојување на Република Македонија
- 11 Октомври – Ден на народното востание на македонскиот народ
- 23 Октомври – Ден на македонската револуционерна борба
- 9 Ноември – Ослободување на град Велес
- 22 Ноември – Ден на албанската азбука
- Одбележување на месецот на книгата
- Организирање посета на театарски претстави
- 8 Декември – Денот на Св. Климент Охридски
- 14 Февруари – Ден на Вљубените
- 7 Март – Ден на албанскиот учител
- 8 Март – Ден на жената
- Одбележување на денот на пролетта
- Одбележување на 21 Март – Ден на Екологијата
- Одбележување на Велигден – Велигденско јајце
- Учество на Саем за образование
- 1 Мај – Меѓународен ден на трудот

- Учество во настан во организација на Општина Велес, ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД 2026
- Одбележување на Денот на Европа
- Одбележување на 24 Мај – Ден на сесловенските просветители

## 2.9 Табеларен преглед на структурата на училишниот простор училници, кабинети, библиотека

| **Вид на просторија** | **Број** | **Површина во $m^2$** |
|---|---|---|
| Кабинети | 25 | 1118 |
| Библиотека | 1 | 34 |
| Канцеларии | 5 | 109 |
| Спортска сала | 1 | 255 |
| **ДВОРНА ПОВРШИНА** | | **5458** |
| спортски терени | | 2892 |
| уреден училишен двор | | 568 |
| друга дворна површина | | 1998 |
| работилница | 1 | 30 |
| Санитарни чворови | 8 | 176 |
| котларница | 1 | 50 |
| Други простории | | 1055 |

## 2.10 Табеларен преглед на техничка опрема на училиштето која се употребува во редовната настава

| Вид на опрема | Број |
|---|---|
| Радиокасетофон | 6 со CD |
| Лап – топ компјутери ASUS | 33 |
| Компјутери | 59 |
| Печатари | 4 |
| Принтер/скенер/копир | 4 |
| Фотокопир | 1 |
| ЛЦД Проектор | 16 |
| Smart табла | 1 |
| Projektionscreen 180cmx 180cm - табли платна за графоскопи | 3 |
| Whiteboard 120cmx 180cm - бела табла | 18 |
| Зелена табла | 24 |
| Географски карти | 5 |

## 2.11 Донации и спонзорства

Големите и мали локални компании и институции во изминатите учебни години секогаш наидувале на разбирање за потребите на училиштето за донации и спонзорства. И во учебната 2025/2026 училиштето ја очекува истата соработка и е отворено за донации и спонзорства во текот на целата година.

## 2.12 Учество во проекти и степенот на реализација во тековната година

Вработените во училиштето се мотивирани и пројавуваат интерес за учество и соработка на проекти. Наставниот кадар и останатите чинители активно се вклучени во проектите од МОН, БРО, ЦССО, ПМИО и други. Во учебната 2025/2026 година, ОСУ „Јовче Тесличков“ ќе продолжи со активно учество и реализирање на значајни проекти кои имаат за цел унапредување на квалитетот и инклузивноста во воспитно-образовниот процес. Училиштето активно ги следи понудите за вклучување на проекти и согласно можностите се вклучува:

- Притоа, втора година по ред, училиштето ќе биде дел од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, кој се реализира под покровителство на Министерството за образование и наука. Овој проект има за цел да ги зајакне правата на децата преку создавање на сигурна, партиципативна и поддржувачка училишна клима, која ќе овозможи квалитетно и целосно образование за секој ученик. Иницијативата ја спроведува Коалицијата на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот Центар за Граѓанско Образование, Првата Детска Амбасада во светот „Меѓаши“ и СМАРТ АП – Лабораторија за социјални иновации, преку кои се промовираат вредности на безбедност, почитување и меѓусебна поддршка.
- Понатаму, по успешно реализираните активности во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција, училиштето повторно ќе аплицира за грант во склоп на Програмата за меѓуетничка интеграција во образованието, финансирана од Министерството за образование и наука. Целта на овој проект е да се поттикне хармоничен соживот, взаемно почитување и активна соработка меѓу учениците од различни етнички заедници, како и да се создаде отворена, инклузивна и интеркултурна училишна атмосфера која ќе ги поттикнува демократските вредности и толеранцијата.
- Исто така, училиштето и оваа учебна година ќе продолжи со учество во активностите поврзани со мировното образование, реализирани преку Првата Детска Амбасада „Меѓаши“ во координација со Министерството за образование и наука. Сите активности поврзани со овие проекти ќе бидат детално наведени во прилогот П-18 од Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година, со што ќе се овозможи транспарентност, планираност и континуитет во нивната имплементација.
- Erasmus+ проекти: преку мобилност на наставници во Чешка и Италија и мобилност на наставници и ученици во Хрватска.

**Степен на реализација**

Учениците и наставниот кадар активно учествуваат во реализацијата на различни проекти, без оглед на тоа дали истите се поддржани од владините институции, невладиниот сектор или хуманитарни и добротворни организации. Во учебната 2025/2026 година, училиштето ќе продолжи со интензивно вклучување во проектни активности кои им овозможуваат на учениците и наставниците да учествуваат без финансиска партиципација. Во случај на обезбедување на донации преку овие проекти, средствата ќе бидат наменети за модернизација на наставниот процес, набавка на современа опрема и нагледни средства за кабинети, како и за обезбедување на награди за најуспешните ученици и дополнителен училиштен инвентар. Покрај тоа, учеството во проекти организирани од невладини и други субјекти подразбира задолжително добивање на соодветна дозвола за работа од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образование, со цел обезбедување на законитост и квалитет во изведбата на активностите.

## 2.13 Оспособеност за користење на современа технологија во наставата

Во согласност со современите образовни трендови и потребата од дигитална трансформација на воспитно-образовниот процес, училиштето ќе ја продолжи континуираната примена на информациско-комуникациските технологии (ИКТ) во наставата и оваа учебна година. Сите наставници активно го вклучуваат користењето на современи дигитални алатки и ресурси во своите тематски и оперативни планови, со цел да го збогатат наставниот процес, да ја зголемат мотивацијата на учениците и да овозможат ефективно и интерактивно учење. Преку интеграцијата на ИКТ, се овозможува подобра визуелизација на наставните содржини, развивање на дигиталните компетенции кај учениците, како и олеснување на пристапот до современи образовни материјали и ресурси. Наставниците ќе продолжат да следат нови методолошки пристапи и да применуваат иновативни техники кои го подобруваат квалитетот и ефективноста на наставата, со што се создава поволна и современа училишна средина.

## 2.14 Оспособеност за тимска работа

Примената на современи педагошки методи во наставниот процес ги нагласува значењето и неопходноста од тимска соработка, која се реализира преку интеракција во групи, развој на заеднички форми на учење, како и стимулирање на конструктивни дискусии и размена на знаења и искуства. За успешна имплементација на ваквиот пристап, се очекува од целиот наставен и стручниот кадар во училиштето доследно почитување на етичкиот кодекс на однесување, како и континуирано усовршување на комуникациските вештини.

Практиката покажува дека тимската работа претставува клучен фактор за постигнување квалитетни образовни резултати, па затоа и во учебната 2025/2026 година во училиштето ќе се интензивира и унапредува примената на тимскиот пристап. Овој пристап ќе се реализира преку ефективна соработка и координација во повеќе насоки: наставник – наставник, наставник – ученик, ученик – ученик, како и наставник – ученик – родител, со цел обезбедување на интегриран, хармоничен и поддржувачки образовен екосистем.

## 2.15 Соработка со локалната самоуправа и установи во опкружувањето

ОСУ „Јовче Тесличков“ континуирано ја негува и развива соработката со локалната заедница, Бирото за развој на образование (БРО), Министерството за образование и наука (МОН) и Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО). Активната и конструктивна соработка со овие институции ќе продолжи и во текот на оваа учебна година со цел училиштето ефективно да ја реализира својата мисија и визија.

Во таа насока, наставниот кадар ќе организира посети на трговски друштва, органи на државна управа и локална самоуправа, судови и други релевантни институции. Реализацијата на практичната настава, односно предметот „Учење преку работа кај работодавач“ кај работодавачите, подразбира тесна соработка помеѓу училиштето и институциите од локалното опкружување. Оваа соработка продолжува да се продлабочува, особено во однос на партнерството со бизнис заедницата, што придонесува за развој на вештините, способностите и практичните знаења на учениците, овозможувајќи им полесно да го поврзат училишното образование со реалните работни процеси.

# III. МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**„Нашето училиште има мисија да обезбеди квалитетно, современо и инклузивно образование во областа на економијата, правото, трговијата и дигиталниот маркетинг, подготвувајќи ученици со знаења, вештини и вредности што ќе им овозможат успешно вклучување напазарот на трудот, продолжување на образованието и активно учество во општествениот живот.”**

ОСУ „Јовче Тесличков“ во учебната 2025/2026 ќе се стреми да ја реализира својата мисија преку обезбедување современо, квалитетно и инклузивно образование, кое ќе им овозможува на учениците да се развиваат во согласност со потребите на современото општество и пазарот на трудот. Наставниот процес ќе се темели на примена на интерактивни и иновативни методи, кои ќе поттикнуваат активно учење, критичко размислување и практична примена на знаењата во областа на економијата, правото, трговијата и дигиталниот маркетинг.

Посебно внимание ќе се посветува на инклузивноста, преку поддршка за учениците со различни потреби и создавање училишна клима што ја негува толеранцијата, почитувањето и соработката. Со користење на дигитални алатки и современи наставни ресурси, учениците ќе се охрабруваат да развиваат дигитални компетенции, кои се клучни за нивната иднина.

Во насока на подготовка за пазарот на трудот, училиштето ќе обезбедува практична настава, учење преку работа, ученички компании, проекти и партнерства со бизнис-секторот, со што учениците ќе добиваат можност да се запознаат со реалните услови на работа и да ги усовршат своите професионални и меки вештини. Паралелно, ќе се нуди поддршка за оние кои сакаат да продолжат со своето образование преку дополнителни активности, истражувачки работилници и учество во меѓународни програми (Еразмус+) – размена на искуства и проширување на хоризонти.

Нашето училиште активно ќе ја негува културата на граѓанска одговорност и учество во општествениот живот. Преку ученичкиот парламент, волонтерски акции, хуманитарни и еколошки иницијативи, учениците ќе се поттикнуваат да бидат свесни, одговорни и ангажирани граѓани. На овој начин, училиштето ќе создава генерации со знаења, вештини и вредности што ќе им овозможат успешно да се вклучат во општеството и да придонесуваат кон неговиот развој. Покрај тоа, училиштето активно ќе придонесува за оживување на локалната економија, интеграција на информациската технологија, развој на демократските вредности и поддршка на меѓународната интеграција на државата. Следејќи ги современите текови и предизвици, училиштето ќе продолжи со флексибилна и ефикасна адаптација на локалните и глобалните промени, обезбедувајќи квалитетно и релевантно образование.

Учениците во нашето училиште ќе имаат можност да ја развиваат сопствената автономија и да покажат способност за учење насочено кон себе преку избор на предмети во рамките на модуларната настава. На овој начин тие ќе стекнат знаења и вештини тесно поврзани со кариерата што ја избрале. Примената на дуалното образование, како спој на теоретски наставни содржини и практична работа во реалниот бизнис сектор, ќе продолжи да создава компетентни, креативни и етички изградени млади луѓе, подготвени да придонесат кон општествениот и економскиот развој на државата и нејзината конкурентност на меѓународно ниво.

Училиштето ќе обезбедува индивидуални и групни форми на работа кои го поттикнуваат развојот на интелектуалните, талентските и социјалните потенцијали на учениците. Во насока на унапредување на практичната обука, ќе продолжи да се реализира концептот „Учење преку работа“, кој овозможува стекнување на практични знаења и вештини во реални услови во компании и институции. На тој начин, учениците ќе бидат поконкурентни на пазарот на трудот и полесно ќе се интегрираат во работниот процес.

Современата наставна практика ќе се зајакнува и преку функционирањето на ученички маркетинг агенции во рамките на слободните активности, каде што младите ќе добиваат можност да ги применат своите знаења од областа на маркетингот, менаџментот и промоцијата. Ова искуство ќе им овозможи да изградат компетенции според европските образовни стандарди и да ги претворат теоретските знаења во практични вештини со поддршка на современите информатички технологии.

Наставниот и стручниот кадар ќе продолжи да создава клима на отвореност, доверба и соработка, обезбедувајќи безбедна и пријатна училишна средина. Во реализацијата на мисијата ќе бидат активно вклучени учениците, наставниците, родителите и локалната заедница, кои заеднички ќе придонесуваат кон постигнување на заедничките цели и визијата за училиштето.

## Мото на училиштето

**„ Училиште каде што учиме, создаваме и растеме заедно – подготвени за иднината!“**

## IV. ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**„ Нашето училиште се стреми да биде современа, отворена и иновативна образовна установа, препознатлива по квалитетно образование, развој на дигитални, економски и правни компетенции кај учениците, и нивна подготвеност за понатамошно образование и активен живот на пазарот на трудот.“**

Во учебната 2025/2026 година, реализацијата на нашата визија ќе биде насочена кон активности насочени кон создавање современа, отворена и иновативна образовна средина. Наставниот процес ќе се темели на примена на современи методи и дигитални алатки, кои ќе овозможат подигање на квалитетот на образованието и поттикнување на критичко и креативно размислување кај учениците. Преку интеграција на дигитални содржини и практични примери од економијата, правото и трговијата, учениците ќе развиваат компетенции усогласени со потребите на современиот пазар на трудот.

Посебно внимание ќе биде посветено на развојот на дигиталните компетенции, преку користење на е-училници, софтверски апликации и практична работа во рамки на ученички компании и маркетинг агенции. Воедно, ќе се поттикнуваат економските и правните компетенции преку проектна настава, симулации, дебати и соработка со институции и бизнис-секторот. Со ова ќе им се овозможи на учениците да ја зголемат својата подготвеност за понатамошно образование и за успешно вклучување во професионалниот и општествениот живот.

Во насока на остварување на визијата, наставниот и стручниот кадар ќе работи на градење позитивна и поддржувачка училишна клима, со активно вклучување на учениците, родителите и локалната заедница во сите значајни активности. На тој начин училиштето ќе продолжи да биде препознатливо по квалитетно образование и по создавање генерации кои се подготвени за предизвиците на иднината. Современо опремените училници ќе овозможат интеграција на теоретските и практичните знаења на високо професионално ниво. Учениците ќе имаат услови за остварување на успешен наставен процес, кој ќе ја промовира моралната, менталната и физичката зрелост, подготвувајќи ги за одговорно учество во општеството и успешна кариера.

За потребите на стопанството и јавната администрација, училиштето подготвува стручно оспособени кадри од областа на економијата, правото и трговијата. Понатаму, образуваме и воспитуваме личности кои ќе го разберат процесот на учење за цел живот, овозможувајќи им континуирано образование на универзитетски ниво во земјата и во странство.

Со континуирано следење и прилагодување на образовните програми кон локалните и глобалните промени, училиштето ќе формира висококвалификувани кадри со јасна траекторија за успешна иднина.Квалитетот на наставата ќе се унапредува преку активно партнерство и соработка со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, како и Центарот за стручно образование и обука.

## Приоритетни подрачја и потреби за тековната 2025/2026 учебна година

**Со новата Развојна програма за периодот 2025-2029 година, утврдени се следните приоритети:**

**Прв приоритет: Јакнење на квалитетот на наставниот процес**
**Втор приоритет: Поттикнување на позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна клима**
**Трет приоритет: Модернизација на просторните и техичките услови за работа**

**Прв приоритет: Јакнење на квалитетот на наставниот процес**

Цел 1.1.Воведување на атрактивни и пазарно релевантни нови образовни квалификации и/или сектори;
Цел1.2. Подобрување на стручната и методолошката подготвеност на наставниците и зголемување на ангажираноста и успехот на учениците;
Цел 1.3. Зголемување на учеството на учениците во натпревари, проекти и иницијативи.

**Втор приоритет: Поттикнување на позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна клима**

Цел 2.1. Учениците да се чувствуваат безбедно, почитувано и вреднувано како активни чинители во училиштето;
Цел 2.2. Зацврстување на врската помеѓу сите чинители во воспитно- образовниот процес.

**Трет приоритет: Модернизација на просторните и техичките услови за работа**

Цел 3.1. Создавање функционални и инспиративни работни простори за ученици и наставниците за пријатно училишно опкружување
Цел 3.2. Зголемување на дигиталната инфраструктура

## V. РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Имајќи ги предвид утврдените приоритетни подрачја на промени и насоките содржани во Развојниот план на училиштето и Извештајот од самоевалуацијата, во учебната 2025/2026 година дефинирани се следниве развојни цели:

## I (прв) приоритет: Јакнење на квалитетот на наставниот процес

### РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1.1 Воведување на атрактивни и пазарно релевантни нови образовни квалификации и/или сектори

**Конкретни задачи за реализација на целта:**

**Задача 1.1.1** Истражување на пазарот на трудот и идентификување на потребни компетенции
**Време на извршување:** септември 2025 - декември 2025
**Носители на активности:** Раководство на училиштето, тим за развоен план, наставници

**Задача 1.1.2** Подготовка на потребната документација и поднесување предлог до Министерството за образование и наука за одобрување на новите профили/струка;
**Време на извршување:** Јануари 2026 - април 2026
**Носители на активности**: Тим за развоен план, наставници, претставници од бизнис заедницата

### РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1.2 Подобрување на стручната и методолошката подготвеност на наставниците и зголемување на ангажираноста и успехот на учениците

**Конкретни задачи за реализација на целта:**

**Задача 1.2.1** Организирање континуирани обуки и размена на добри практики за наставници
**Време на извршување**: септември 2025 - јуни 2026
**Носители на активности:** Наставници, директор, ученици, стручна служба, координатор за обуки

**Задача 1.2.2** Воведување интерактивни методи, дигитални алатки и практични методи на работа со учениците
**Време на извршување:** септември 2025 - јуни 2026
**Носители на активности:** Директор, наставници, стручна служба, координатор за обуки, тим за дигитална поддршка

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1.3 Зголемување на учеството на учениците во натпревари, проекти и иницијативи**

**Конкретни задачи за реализација на целта:**

**Задача 1.3.1** Систематско информирање и мотивирање на учениците за учество
**Време на извршување** : септември 2025 - јуни 2026
**Носители на активности**: Наставници, директор, стручна служба, ученици

**Задача 1.3.2** Формирање и менторирање на тимови за учество
**Време на извршување** : септември 2025 - мај 2026
**Носители на активности**: Наставници ментори, стручна служба, класни раководители

## II (втор) приоритет: Поттикнување на позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна клима

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 2.1 Учениците да се чувствуваат безбедно, почитувано и вреднувано како активни чинители во училиштето**

**Конкретни задачи за реализација на целта:**

**Задача 2.1.1** Формирање на ученички совет-парламент на ученици со активна улога во носење одлуки
**Време на извршување**: септември 2025 – јуни 2026
**Носители на активности**: Ученици, Формиран тим од наставници и педагог, Директор, Обучувачи

**Задача 2.1.2** Организирање денови на креативност, на кариера, младинско претприемништво и волонтерски акции
**Време на извршување**: септември 2025 – јуни 2026
**Носители на активности**: Педагошко – психолошка служба, наставници – ментори, раководство

**Задача 2.1.3** Работилници за поддршка на ментално здравје, инклузија и родова еднаквост
**Време на извршување**: септември 2025 - јуни 2026
**Носители на активности**: Стручна служба, стручни активи, наставници, директор, ученици

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 2.2 Зајакнување на соработката помеѓу сите чинители во воспитно – образовниот процес**

**Конкретни задачи за реализација на целта:**

**Задача 2.2.1** Организирање на семинари и обуки за комуникација, разрешување конфликти, тимска работа, проектен менаџмент
**Време на извршување**: септември 2025 – јуни 2026
**Носители на активности**: директор, наставници, социјална служба, стручна служба, родители

**Задача 2.2.2** Работилници за поддршка на ментално здравје, инклузија и родова еднаквост;
**Време на извршување**: октомври 2025 - јуни 2026
**Носители на активности**: Педагошко – психолошка служба, наставници – ментори

**Задача 2.2.3** Поттикнување на понатамошна соработка на училиштето со бизнис секторот и поголема соработка, вклучување и информирање на локалната самоуправа за работата на училиштето;
**Време на извршување**: септември 2025 – јуни 2026
**Носители на активности**: Наставници, директор, стручна служба, координатор за практично образование, координатор за проекти, наставници – ментори

## <u>III (трет) приоритет: Модернизација на просторните и техничките услови за работа</u>

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 3.1 Создавање функционални и инспиративни работни простори за ученици и наставници за пријатно училишно опкружување**

**Конкретни задачи за реализација на целта:**

**Задача 3.1.1:** Модернизација и доопремување на училниците и заедничките простории, креирање тематски и креативни зони за учење и одмор
**Време на извршување**: септември 2025 – мај 2026
**Носители на активности**: Тимови од наставници: тим и координатор за инфраструктура, Директор, Стручна служба

**Задача 3.1.2** Озеленување и уредување на училишниот двор со зони за релаксација и активности на отворено;
**Време на извршување:** септември 2025 – август 2026
**Носители на активности**: Директор, тим и координатор за инфраструктура, наставници, ученици

## РАЗВОЈНА ЦЕЛ 3.2 Доопремување на дигиталната инфраструктура

### Конкретни задачи за реализација на целта:

**Задача 3.2.1** Модернизација на постојната опрема и редовно техничко одржување
**Време на извршување:** септември 2025 – јуни 2026
**Носители на активности**: Директор, ИТ координатор, наставници

**Задача 3.2.2** Подобрување на технолошката софтверска поддршка
**Време на извршување**: септември 2025 – мај 2026
**Носители на активности**: Директор, ИТ координатор, наставници, ученици

## Отежнувачки фактори за реализација на задачите

За успешно реализирање на поставените цели и задачи можни се следниве отежнувачки фактори во учебната 2025/2026 година:

- ✓ Административни и законски процедури (долг временски рок за добивање согласности од надлежните институции (Центар за развој на стручно образование и обука за изработка и МОН за одобрување),потреба од усогласувањесо наставните планови ипрограми на национално ниво);
- ✓ Недостаток на ИКТ опрема и софтвери;
- ✓ Недоволна обука на наставниците за напредни дигитални алатки и методи
- ✓ Ограничено време за проектна настава во рамки на наставниот план
- ✓ Недоволна ангажираност на дел од учениците;
- ✓ Ограничена соработка со надворешни партнери;
- ✓ Резистенција кон промени и нови методи
- ✓ Нерегуларност и непостојаност на обуките;
- ✓ Недоволна мотивација и самодоверба кај учениците
- ✓ Недостаток на време поради наставниот план и обврските на учениците
- ✓ недоволна вклученост на родителите во поттикнувањето на учениците
- ✓ Недоволна комуникација помеѓу ученици и наставници
- ✓ Присутни поединечни случаи на непочитување или дискриминација
- ✓ Недоволна информираност на учениците за нивните права и обврски
- ✓ Слабо вклучување на родители во животот на училиштето;
- ✓ Ограничена вклученост на локалната заедница и деловниот сектор

- ✓ Слаба мотивација за вклучување во дополнителни активности
- ✓ Недоволни финансиски средства за адаптација и опремување на просториите
- ✓ Ограничен простор и неподготвени простории
- ✓ Недостаток на современа опрема и мебел
- ✓ Недоволна свест кај учениците и наставниците за одржување на просторот
- ✓ Бавни административни процедури за набавки и реконструкции
- ✓ Недоволни финансиски средства за набавка на ИКТ опрема и софтвер
- ✓ Ограничен број на компјутери и дигитални уреди во однос на бројот на ученици

**Стратегии за отстранување и намалување на отежнувачките фактори во учебната 2025/2026 година:**

- ➢ Навремено започнување на административната постапка и подготовка на целосна документација според законските барања;
- ➢ Аплицирање за национални и меѓународни проекти;
- ➢ Добивање на поголема поддршка од центарот за развој на средно стручно образование, од локалната самоуправа и од МОН за промовирање на секторот на национално ниво;
- ➢ Добивање солгасност за воведување на нови атрактивни квалификации во согласност со барањата и потребите на бизнис заедницата и современиот начин на животот;
- ➢ Формирање на законска регулатива за заштита на сите профили од струката економија, право и трговија;
